ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „НИКОЛА КАРЕВ“ ПРОБИШТИП

01 2021 10 07

Скопје, мај 2022 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 21 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 22 |
| Биланс на состојба | 23 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 24 |
| Извештај за паричниот тек | 25 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 26 - 31 |
| Сметководствени политики | 31 - 36 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 37 - 47 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП - Јавно претпријатие

ЈКП - Јавно комунално претпријатие

МСЕ – мали и средни ентитети

МСФИ – Меѓународни стандарди за финансиско известување

УО - Управен одбор

ЦР - Централен регистар

ФИ - Финансиски извештаи

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

МТВ – Министерство за транспорт и врски

в.д. - вршител на должност

ДДВ - данок на додадена вредност

ЕУ – Европска Унија

ИПА - Инструмент за претпристапна помош

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 17-730/4

**Дата:** 12.05.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев“ Пробиштип за 2020 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- за активностите поврзани со економските операции не се донесени пишани процедури и не се воспоставени внатрешни контроли за покривање на ризиците при утврдување на потрошувачката на вода и издавањето на материјалите и резервните делови;
- претпријатието нема склучено договори со создавачите на комерцијален отпад, правни лица за негово собирање и транспортирање;
- интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени со важечките законски прописи, а привремено ангажираните лица вршат редовни работни задачи и за период подолг од две години;
- претпријатието без основ врши наплата на надоместок за погребални услуги и надоместок за инвестиција за смет;
- поради ненавремено подмирување на обврските за надоместок за користење на води и испуштање на води, остварени се помалку приходи во Буџетот на РСМ во износ од 3.540 илјади денари;

- не се преземаат навремени мерки за наплата на побарувањата, а за дел од побарувањата за кои постои голема неизвесност за нивна наплата не е извршено вредносно усогласување;
- утврден е висок процент од 65% загуба на вода, како резултат на пропустливост на главниот резервоар и стара и дотраена водоводна мрежа и
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен;
- слабости при спроведување на јавните набавки и склучените договори.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата истакнува:

- работењето на претпријатието од 2020 година е проследено со намалена ликвидност и солвентност кои имаат влијание врз целокупните процеси, искажувајќи обврски кон добавувачите и неможност за нивно навремено подмирување;
- судските постапки кои се водат пред надлежните судови можат да имаат финансиски импликации врз работењето на претпријатието;
- со Одлука на Вадата на РСМ се предвидува затварање на постојната локација за отстранување на отпад депонија „Озрен“ и до изградбата на регионалната депонија, времено да се користи локацијата „Мавровица“ во Општина Свети Николе.

Од одговорното лице на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип не се добиени забелешки на Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 22 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното Комунално Претпријатие „Никола Карев“ Пробиштип кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип застапувано од:

- Ненад Павиќевиќ, директор од 19.07.2018 до 01.02.2021 година и
- Драганчо Ристовски, в.д. директор од 02.02.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги

почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.12.2021 до 04.02.2022 година кај ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 11.02.2022 година.
Од одговорното лице на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип не се добиени забелешки на Нацрт извештајот.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Со извршената проверка на системот на внатрешни контроли во однос на приходите од комуналните услуги - собирање, обработка и снабдување со вода, отстранување на отпадни води, собирање на безопасен отпад и други комунални услуги (пазар, одржување на гробни места) кои ги извршува ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- не се донесени пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности на вработените вклучени во системите за утврдување и наплата на поодделните видови приходи и
- не се воспоставени внатрешни контроли за покривање на ризиците при утврдување на потрошената вода за пиење и поливање (одржување) на зелени површини, врз основа на измерено, реално потрошено количество вода.

Наведените состојби не се во согласност со барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, односно Стандард 12 - Процедури, 13 - Поделба на должностите и 14-Надзор и создаваат ризик од некомплетност, не навременост и нецелосност на приходите по овој основ.

Препорака:

Надлежните органи на раководење и управување со претпријатието да преземат активности за:

- изготвување на пишани процедури за начинот на утврдување и наплата на приходите во секоја работна единица на претпријатието;
- напуштање на паушалниот начин на утврдување на потрошеното количество вода од корисниците со ставање на протокомери на јавните зелени површини.

3.1.2. Со извршениот увид во начинот на прием и издавање на залихите на материјали и резервни делови, констатиравме дека јавното комунално претпријатие нема донесено процедура за магацинско работење со која ќе биде пропишано извршувањето на работата во магацинот.

Од страна на одговорното лице - ракувач со магацинот, издавањето се врши

без работни налози кои треба да претставуваат основ за признавање на направениот трошок. Не изготвувањето на работни налози во кои ќе се прецизира видот и количеството на издадените суровини и материјали, резервни делови, не е во согласност со барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, односно Стандард 14-Надзор и не обезбедува следење на нивното користење, што создава ризик од ненаменско и незаконско трошење на средствата на залиха.

Препорака:

Одговорното лице – ракувач со магацинот, да изготвува работни налози при издавање на суровините, материјалите, резервните делови и стоки во магацинот.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Правилникот[1] за систематизација на работните места и Правилникот[2] за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места, јавното комунално претпријатие нема предвидено единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите од член 30 став 2 и член 31 став 1 алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои јавното претпријатие е должно да основа единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија.

Отсуството на внатрешна ревизија не обезбедува независно, разумно и објективно уверување и насоки за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели.

Препорака:

Надлежните органи на претпријатието да преземат активности во однос на систематизирање на единица за внатрешна ревизија во Правилникот за систематизација на работните места и нејзино функционирање.

3.2.2. Согласно одредбите од член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води пропишана е обврска, давателот и корисникот на услугите да ги уредат меѓусебните права и обврски со склучување на договори, а со член 43 став 8 од Законот за управување со отпад, создавачите на комерцијален отпад треба да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината.

[1]Број 01-800/1 од 03.11.2015 година
[2]Број 01-514/1 од 12.06.2018 година

Со извршениот увид во Biling системот на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип (систем за изработка на сметки и наплата на побарувања), констатиравме дека претпријатието со 95% од корисниците на услуги по основ на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води има склучени договори. Јавното комунално претпријатие врши наплата на надоместок за одржување на јавна чистота преку доставување на сметки, но нема склучено ниту еден договор со создавачите на комерцијален отпад - правни лица.

Недефинираните должничко доверителски односи создаваат ризик од непречено остварување на правата и обврските на давателот и на корисниците на услуги и ја отежнува наплатата на извршените услуги.

Препорака:
Надлежните органи на раководење и управување со претпријатието да преземат конкретни мерки и активности за склучување договори со сите создавачи на комерцијален отпад, корисници на услугите.

3.2.3. Со стапување во сила на измената на Законот за јавните претпријатија од 13.02.2015 година[3], во јавните претпријатија се воведува категорија на вработени - јавни службеници, за кои важат одредбите од Законот за административни службеници.

Со извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Начинот на пресметка и исплата на плата е уреден со Правилникот[4] за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, кој не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво. За административните службеници (подгрупа јавни службеници), делот на плата за нивото на кое се распоредени, се вреднува со број на бодови за секое ниво, кои не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 став 3 од Законот за административни службеници.
- Пресметката на плата се врши врз основа на правилникот со кој се утврдени коефициенти на сложеност на работното место за пресметка на плата, што не е во согласност со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на плати на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

[3]Службен весник на РМ бр.41/2014
[4]Бр. 01-513/1 од 12.06.2018

- Од месец септември 2020 година до денот на ревизијата, пресметката на плата се врши врз основа на Одлуки за измена на Правилникот за утврдување на платите и другите парични надоместоци на вработените и Правилник[5] за утврдување на платите и другите парични надоместоци на вработените за кои нема согласност од основачот. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 точка 5 од Статутот на претпријатието и член 11 точка 6 од Закон за јавните претпријатија.

Констатираните состојби во делот на интерните акти за пресметка на плата доведува до отстапување на платите утврдени за административните службеници на територијата на РСМ.

Препорака:

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за усогласување на Правилникот на плати со важечките законски прописи во делот на основната компонента на плата за ниво и секоја година во законски предвидениот рок да се доставува предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници.

3.2.4. Во текот на 2020 година, преку Приватна агенција за вработувања по основ на привремено ангажирани лица во ЈКП „Никола Карев” Пробиштип, искажани се трошоци во износ од 1.387 илјади денари.

Со увид во приложената документација, ревизијата констатира дека во период од 2018 - 2020 година, бројот на ангажирани лица по овој основ се движи од 9 до 11, а по договор на дело од 18 до 38 лица. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а 10 од нив, се ангажирани континуирано за период подолг од две години.

Ваквиот начин на ангажирање на лица, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин, што укажува на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката на нивно ангажирање и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на претпријатието.

Препорака:

Одговорното лице на претпријатието да преземе мерки и активности, ангажирањето на работници преку приватна агенција за вработување да го врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти,

[5] бр. 02-721/1 од 07.09.2020 година и бр. 02-487/1 од 27.05.2021 година

неспецифични не континуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.

3.2.5. ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип врши наплата на надоместок (инвестиција за смет) преку сметките за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, врз основа на Одлука[6] за цените на одредени комунални услуги донесена од работничкиот совет на ЈП „Илинден“ Пробиштип[7]. За наплата на овој надоместок, јавното комунално претпријатие нема добиено согласност од основачот, што не е во согласност со одредбите на член 19 точка 4 од Статутот на јавното комунално претпријатие и член 11 точка 5 од Закон за јавните претпријатија.

Приливите по овој основ се евидентирани на сметката останати краткорочни обврски и заклучно со 31.12.2020 година, искажано е салдо од 17.808 илјади денари, од кои 2.318 илјади денари се наплатени во 2020 година. Општина Пробиштип како основач нема донесено одлука за нивна распределба и намена за користење, што не е во согласност со одредбите на член 28 од Законот за комуналните дејности. Ваквото постапување има за ефект неосновано наплатени надоместоци од корисниците на услуги и создава ризик од нивно ненаменско трошење.

Препорака:

Надлежните органи во претпријатието во координација со основачот да преземат мерки и активности за усогласување на актите по основ на наплата на надоместокот (инвестиција за смет) и распределба на средствата за нивно користење.

3.2.6. ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип преку сметките за користење на комунални услуги врши наплата на погребални услуги по склучени договори до 2008 година со ЈКП „Комуналец“ Пробиштип, а врз основа на Одлука за согласност за висината на надоместокот за погребални услуги[8]. Согласно член 1 од Одлуката, средствата од надоместокот се приход на јавното претпријатие и се користат за финансирање на погреб во случај на смрт на член на семејство. Со извршената анализа на приходите кои ЈКП „Никола Карев“ ги остварува по овој основ, констатиравме дека во 2020 година наплатени се 2.622 илјади денари од 1.681 корисник на услуги, а исплатени се 775 илјади денари по поднесени барања од корисници на услуги на починати членови на семејства.

Ваквата Одлуката не е во согласност со член 20 од Законот за гробишта и

[6] бр. 02-15/3 од 17.01.1995 година

[7] Јавно претпријатие формирано од Општина Пробиштип, по што во 2001 година надлежноста за комунални дејности ја презема ЈКП „Комуналец“ Пробиштип. Во 2006 година, со територијалната поделба се укинува Општина Злетово и основачките права на ЈКП „Никола Карев“ Злетово ги презема Општина Пробиштип.

[8] Број 26-247/10 од 29.02.2016 година

погребални услуги со кој е утврдено дека погребалните услуги ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги и има за ефект неосновано наплатени надоместоци од граѓаните.

Препорака:
Одговорното лице и надлежните органи на управување и раководење со претпријатието во координација со основачот да преземат мерки за поништување на Одлуката и напуштање на праксата на наплата на надоместок за погребални услуги.

3.2.7. Според Одлуката[9] за утврден комунален ред од страна на Советот на Општина Пробиштип, јавното комунално претпријатие носи оперативна програма за собирање, транспортирање, складирање и третман на отпадот. Собирањето и транспортирањето на комуналниот неопасен отпад се врши од градот Пробиштип и приградските населби, а остануваат околу 33 населени места во општината каде не е организирано собирање и транспортирање на отпадот при што се создаваат околу 19 диви депонии.

Со извршениот увид во начинот на кој ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип ги врши услугите во делот на работите на јавна чистота, констатирано е следново:

- ЈКП не врши мерење на изнесениот отпад и нема воспоставено евиденција согласно член 39 од Законот за управување со отпад и Правилникот[10] за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад;
- ЈКП не поседува дозвола за одржување на јавна чистота издадена од МТВ и дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпадот издадена од МЖСПП, а годишниот извештај не го изготвува врз основа на консолидирани податоци од пропишаната евиденција, што не е во согласност со одредбите на член 7 точка 3 од Закон за јавна чистота и член 32 точка 1 од Закон за управување со отпад;
- Согласно член 25 од Одлуката за комунален ред ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип на подрачјето на Општина Пробиштип врши одведување и прочистување на отпадните води. За вршење на оваа дејност јавното претпријатие нема водно право (дозвола) за испуштање на води за системите со кои располага, што не е во согласност со одредбите на член 28 од Законот за води.

Не поседувањето на соодветни дозволи ја доведува во прашање способноста и одговорноста на ЈКП како давател на услуги во вршење на неговата дејност, а не организираното собирање и транспортирање на отпадот во одредени населени места влијае врз загадувањето на животната средина и претставува ризик по здравјето на луѓето.

[9] Број 07-1253/6 од 23.08.2012 година
[10] Службен весник на РМ“ бр.42/2016

Препорака:

Одговорното лице и надлежните органи на раководење и управување со претпријатието да преземат активности за:

- мерење и континуирано водење на дневна евиденција за постапување со отпадот, транспорт на отпадот согласно законот и подзаконските акти;
- воведување на организиран начин на собирање, транспортирање на комуналниот отпад во останатите населени места;
- поднесување барање до органот на државната управа надлежен за работите од областите за вршење на дејностите за кои нема дозвола.

3.2.8. ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип не врши редовно ажурирање на својата веб страницата, односно годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година не се објавени на веб страната, во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до Централниот регистар, што не е во согласност со член 7а, став (1) од Законот за јавни претпријатија, ниту кварталните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето, што не е во согласност со член 5 став 4 од Законот за јавните претпријатија.

Не ажурирање на веб страница и необјавување на годишните сметки и финансиските извештаи ја намалува транспарентноста во работењето на претпријатието кое е од јавен интерес.

Препорака

Одговорното лице на претпријатието да преземе активности за ажурирање на веб страницата, со објавување на годишната сметка и кварталните извештаи во законски утврдените рокови.

3.2.9. Во 2018 година, Управниот одбор има донесено Одлука[11] за исплата на парични средства како материјална финансиска помош во вид на авансна исплата од плата со која се предвидува дека на вработен може да му се исплати аванс најмногу 1/3 од висината на платата на вработениот. Ревизијата изврши анализа на трансакциите по овој основ за период од 2013 до 2021 година при што констатира дека не се почитувани роковите во барањата за враќање на средствата, одобрувани се средства на исти лица и во 2021 година исплатени се средства на лице кое веќе не е во работен однос во претпријатието.

Ваквиот начин на постапување има за ефект неоснована исплата на средства, времено финансирање на вработените и неизвесност за периодот на враќање на авансите.

[11]Бр. 02-707/1 од 12.07.2018 година

Препорака:

Одговорното лице и надлежните органи на претпријатието да преземат мерки и активности за напуштање на воспоставената пракса на доделување финансиска помош во вид на авансна исплата од плата и преземат мерки за наплата на одобрените средства.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Со одредбите на член 213 и 214 од Законот за водите, предвиден е надоместок за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето, 2% од утврдената цена на метар кубен вода, а за испуштање на отпадни води 1% од утврдената цена на давателот на услугата.

Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а надоместоците ги пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води.

Овие надоместоци се прикажуваат посебно на сметката за извршената услуга и се наплаќаат од правните и физички лица, корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати во Буџетот на РСМ.

Во сметководствената евиденција на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип со состојба на 31.12.2020 година, искажани се обврски спрема Буџетот на РСМ во вкупен износ од 3.540 илјади денари по основ на пресметан надоместок за користење на води, а надоместокот за испуштање на води е воведен од месец септември 2021 година.

Ненавременото подмирување на обврските по основ на надомест за користење на води и не ненавремено воведениот надоместок за испуштање на води, има за ефект помалку остварени средства во буџетот на РСМ.

По извршена контрола од страна на Главен водостопански инспектор во месец јуни 2021 година, направена е спогодба за подмирување на обврската во износ од 3.669 илјади денари на 60 еднакви рати. Заклучно со 31.12.2021 година, платени се 7 рати во износ од 422 илјади денари, но не и тековните обврски во износ од 576 илјади денари по основ на надоместокот за користење на води и 22 илјади денари по основ на надоместокот за испуштање на води.

Препорака:

Одговорните лица во јавното претпријатие да преземат активности за редовна уплата на средствата во Буџетот на РСМ по основ на пресметаниот надоместок за користење на води и испуштање на води.

3.3.2. Во трговските книги и финансиските извештаи со состојба 31.12.2020 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачите во земјата во износ

од 50.898 илјади денари. Од вкупните побарувања, 23.103 илјади денари се побарувања од правни, а 27.795 илјади денари од физички лица. Од вкупните побарувања од физички лица 2.464 илјади денари се однесуваат на побарувања од фиктивни 60-70 корисници физички лица, внесени во Billing системот каде се изготвуваат сметките на корисниците на услуги.

Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ревизијата констатира дека побарувањата, постари од три години се проценети во износ од 29.957 илјади денари, од кои за 9.742 илјади денари (33%), јавното претпријатие нема преземено мерки за нивна наплата. Поради не преземените мерки за наплата на побарувањата во минати години имајќи го во предвид општиот рок на застареност, постои голема неизвесност за нивна наплата, истите не се евидентирани на сметката сомнителни и спорни побарувања, ниту е извршена проценка на степенот на наплатливост заради понатамошно постапување.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ и има за резултат необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во ФИ за 2020 година.

Препорака:

Одговорните лица во претпријатието да преземат активности за:

- навремена наплата на побарувањата;
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување.

3.3.3. Од извршениот увид во доставената документација, ревизијата констатира значително отстапување на количината на испорачаната вода од количината на вода која е фактурирана на корисниците. Во водоснабдителниот систем во 2020 година, испорачани се 1.124. илјади м$^3$ преработена вода за пиење, а фактурирани се 736 илјади м$^3$ вода за пиење, што претставува 35% фактурирана количина во однос на испорачаната, односно регистрирана е загуба на вода од 65%. Загуба од технолошки процес и течење на резервоар во кој се складира преработената вода од 25%, а 40% е загуба во мрежа. На 2% од корисниците кои се снабдуваат со вода се врши паушално фактурирање поради расипани водомери, а за две потрошувачки места кои се користат за поливање на јавно прометни зелени површини за кои нема протокомер, јавното претпријатие фактурира и врши наплата од општината, согласно Програмата за одржување на зеленило.

За констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода на годишно ниво за период од 2015 до 2020 година.




Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.

**Препорака**:
Надлежните лица на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип да преземат мерки и активности за отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

3.3.4. ЈКП „Никола Карев” Пробиштип со Упатство[12] за подготовка и извршување на попис на средства и обврски и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба за 2020 година го уредува начинот на попис кој одговара на специфичностите на дејноста на претпријатието и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот.

Со извршениот увид во целокупниот пописен материјал, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- не е извршен попис на краткорочни финансиски средства, побарувања од вработени и долгорочните обврски за заеми и кредити, преку надворешна (екстерна) и внатрешна (интерна) документација со која се потврдува нивната фактичка состојба, што не е во согласност со член 4 и 7 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;

[12] Број 02-1127/1 од 18.12.2020 година

- пописните листи содржат податоци од утврдената фактичка состојба (мерење, пребројување), но не е внесена вредноста (цената) по единица мерка на средствата, што не дава можност за утврдување на вредносните разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства и обврски, согласно член 11 став 3 и 8 од Правилникот.

Утврдените состојби на нецелосен и неправилно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба, не се во согласност со одредбите од Правилникот и член 473 став 1 од Законот за трговски друштва и не даваат уверување за реалноста и објективноста на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2020 година.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот.

### 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

3.4.1. Владата на РСМ има донесено Одлука[13] за одобрување на средства, за надминување на тешката материјална состојба на вработените во јавните комунални претпријатија. По тој основ од Буџетот на РСМ за 2020 година, преку програмата КОВИД 19, по пресметка за 83 вработени во ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип како еднократна финансиска помош доделени се 1.291 илјада денари.

Согласно членот 5 од Одлуката, утврдена е обврска, ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип во рок од 15 дена по искористување на средствата, да достави до Владата на РСМ известување. Јавното претпријатие има доставено известување дека средствата се искористени за подмирување на обврски кон шест доверители, што не е во согласност со одредбите на член 4 од Одлуката за намената на користење на доделените средства. Користењето на доделените средства за друг основ има за ефект ненаменско користење на средствата од Буџетот на РСМ.

Препорака:

Основачот и надлежните органи на раководење и управување на претпријатието да преземат мерки, средствата да се користат согласно намената за која се доделени.

[13] бр. 44-11225/1 од 24.11.2020 година

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2020 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 35 постапки за јавни набавки, од кои 18 постапки за јавни набавки спроведени во 2020 година, и 17 постапки за јавни набавки спроведени во 2019 година, а имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори е во износ од 22.239 илјади денари, од кои 12.165 илјади денари од 2020 година, односно 64,19% од вредноста на склучените договори и 10.074 илјади денари од 2019 година односно 48,15% од вредноста на склучените договори.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација го утврдивме следново:

3.4.2. Во 2020 година, по спроведена поедноставена отворена постапка[14] и постапка од мала вредност[15] за услуги со градежни машини, со избраниот економски оператор кој бил единствен понудувач склучени се два договора и тоа: Договор[16] за користење на услуги при дефект на водоводни и канализациони инсталации и други потреби на градежните објекти на претпријатието во вкупна вредност од 1.003 илјади денари со вклучен ДДВ и Договор[17] за чистење на депонии во вкупна вредност од 472 илјади денари со вклучен ДДВ.

Со увид во документацијата од спроведените постапки и нивната реализација, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Со договорите во кои е регулиран начинот, условите и роковите за плаќање, плаќањето се врши по доставена фактура и испратница. Ваквите одредби не соодветствуваат на видот на работите за кои се користи услугата, а која има карактер на градежни работи, за што е потребно економскиот оператор да води градежен дневник и градежна книга. Ваквиот начин на уредување на договорот, не е во согласност со член 8 од Законот за јавните набавки, кој се однесува на почитување на начелото на сразмерност во однос на изборот, дефинирање и примена на условите, барањата и критериумите кои треба да се логички поврзани со предметот на набавката.

[14] бр.173/2020 од 10.01.2020
[15] бр.2413/2020 од 18.02.2020
[16] бр 08-281/3 од 31.01.2020
[17] бр. 08-202/3 од 02.03.2020

- Врз основа на договорите, јавното комунално претпријатие извршило исплата на средства во износ од 1.105 илјади денари по основ на фактури и испратници, за вкупно ефективни и не ефективни часови. Имајќи во предвид дека исплатите се извршени без соодветна поткрепувачка документација од која може да се потврдат изведбените работи, ревизијата не доби уверување за реалноста и објективноста на извршените услуги.

Препорака:

Одговорните лица во претпријатието да преземат мерки и активности за:

- предметот на набавка во техничката спецификација да се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на утврдените услови и барања со што на сите економски оператори ќе им обезбедат еднаков пристап односно нема да ја попречуваат пазарната конкуренција,
- при склучување на договорите за јавни набавки со економските оператори да се прецизира прилог документацијата на доставените фактури/ситуации за извршените набавки или услуги кој одговараат логично на видот и предметот на набавката.

3.4.3. Во текот на 2020 година, без постапка за јавни набавки извршена е набавка за испитување и анализа на вода во вкупен износ од 494 илјади денари со вклучен ДДВ.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 11 и 28 од Закон за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Препорака:

Надлежните служби во јавното комунално претпријатие, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да ги планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените точки 3.2, 3.3 и 3.4 се основ за изразување мислење, а се однесуваат на:

- нерегулирани меѓусебни права и обврски со корисниците на услуги за собирање и транспортирање на комерцијален отпад,
- неправилности во пресметка и исплата на платите и привремено ангажирани лица за вршење на редовни работни задачи,
- неоснована единица на внатрешната ревизија;
- непоседување на дозволи за вршење на дејноста и невоспоставена евиденција за собирање и транспортирање на отпадот;
- не ажурирање на веб страница со информации за финансиските показатели;
- не редовна уплата на средства во Буџетот на РСМ по основ на пресметан надоместок за користење на води и испуштање на води;
- не извршено вредносно усогласување за побарувањата за кои постои голема неизвесност за нивна наплата;
- висок процент на загуба на вода, како резултат на технички и комерцијални загуби;
- нецелосно спроведен попис и
- слабости при спроведување на јавните набавки и склучените договори.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2 и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Обрнуваме внимание дека ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип во 2020 година се јавува како тужител на 281 физичко лице по основ на неплатени сметки за користени услуги за долг од 2.020 илјади денари. Поднесени се 281 предлози за издавање на Нотарски платен налог, склучени се 14 договори за одложено плаќање во вкупен износ од 106 илјади денари и поднесени 87 барања за извршување од физички лица во вкупна вредност 1.608 илјади денари. Во текот на 2020 година, ЈКП не се јавува како тужена странка.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз работењето на претпријатието.

5.2. За обавување на својата дејност собирање, обработка и снабдување со вода ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, врши набавка на сурова вода од Јавното претпријатие за извршување водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип. Со Договор[18] е регулиран начинот на испорака, количини, мерење и плаќање на набавената сурова вода за потребите на филтер станицата која е во сопственост на корисникот на услуги, јавното комунално претпријатие. Поради ненавремено подмирување на обврските, Јавното претпријатие за извршување водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип има поведено судска постапка за вкупно неплатен долг во износ од 6.720 илјади денари, односно главен долг од 5.351 илјада денари и камата во износ од 1.369 илјади денари со состојба 14.10.2019 година. Постигнато е судско порамнување и склучен е Договор[19] за одложено плаќање на обврската на 85 месечни рати по 650 илјади денари во кој износ ќе биде вклучен и износот на тековната месечна фактура за испорачаната количина на сурова вода. Во месец ноември 2020 година е потпишан анекс кон договорот со кои се продолжува рокот за шест месеци за добивање мислење од Владата на РСМ по основ на третман на неплатениот износ за каматата. Со 31.12.2020 година во трговските книги и финансиски извештаи на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип искажана е обврска за испорачана сурова вода во вкупен износ од 8.005 илјади денари, односно обврска по договорот за одложено плаќање во износ од 5.255 илјади денари (главен долг и камата) и обврска по основ на месечни тековни фактури за испорачана сурова вода во износ од 2.750 илјади денари.

5.3. За реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во базенот на реката Злетовица[20] обезбедени се средства по основ на

[18] Број 03-210/1 од 29.02.2012 година
[19] Број 03-818/1 од 25.10.2019 година
[20] („Службен весник на РМ“ број 72/03,103/08 и 47/11)

задолжување на РСМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договор за заем бр. MAC-P1 од 20.11.2003 година и склучен Договор за под заем[21] помеѓу Влада на РСМ, претставувана од Министерството за финансии и ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип на износ од 49.000 илјади денари, со рок на отплата од 17 години, вклучен грејс период од 1 година и 3 месеци и каматна стапка од 1,50% на годишно ниво. На крајот на 2013 година, склучен е Анекс[22] кон договорот, со кој вредноста на договорот се зголемува на 57.098 илјади денари. Отплаќањето на под заемот се врши на две полугодишни рати, почнувајќи од 10-ти мај 2013 година заклучно со 10-ти ноември 2028 година. Со 31.12.2020 година отплатени се 16 рати и останува обврска за плаќање во износ од 30.368 илјади денари. Средствата се искористени исклучиво за финансирање на Проектот за изградба на инфраструктурен објект-фабрика за преработка на вода за пиење (филтер станица).



Филтер станица ЈКП „Никола Карев“

Филтер станицата работи на принцип на ултра филтрација со пропустливост од 0,01 до 0.1 микрон, што е повеќе од доволно на природен начин да се изврши филтрација на водата, која е микробиолошки исправна. Самиот процес на филтрација на водата е со модерен компјутерски Skada систем со кој 24 часовно се следи производството и квалитетот на вода.

Финансиските показатели за 2020 година и преостанатите обврски по основ на заемот укажуваат на постоење ризик од намалена ликвидност на претпријатието, не редовно подмирување на доспеаните рати што може да го доведе во прашање извршувањето на основната дејност од јавен интерес и опстојувањето на претпријатието.

[21] број 03-455/1 од 01.02.2012 година
[22] број 03-973/1 од 20.12.2013 година

5.4. Депонијата „Озрен“ е депонија за неопасен и инертен отпад, која се користи од 1975 година, лоцирана на КП 1/2 во КО Неокази м.в. Озрен на површина од 7,76 хектари, со вкупно активна површина од 31.070 $м^2$.

Депонијата е во лоша состојба (не е целосно оградена и нема струја). Оператор е ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, каде отпадот го депонира во природно создадена дупка.

Согласно член 2 алинеја 1 точка 3 од Одлука[23] за начинот на работа и постапување со постојните локации за отстранување на отпад и определување на временските локации за отстранување на отпад до периодот на изградба на регионалната депонија за Источниот и Североисточниот регион, донесена од Влада на РСМ, се предвидува постојната локација за отстранување на отпад депонија „Озрен“ да биде затворена и комуналниот отпад од Општина Пробиштип до изградбата на регионалната депонија во Општина Свети Николе локација „Мечкуевци-Арбашанци“ ќе се отстранува на временската локација „Мавровица“ Општина Свети Николе.



Депонија „Озрен“

Ревизијата е на мислење да се интензивираат активностите околу воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион, што вклучува изградба на централни и локални капацитети за управување со отпадот, како и регионална депонија, а во насока на подобрување на состојбите во животната средина и организирано управување со отпадот согласно националните и ЕУ стандарди.

[23] „Службен весник на РСМ“ број 184/2021

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1 | 53.774 | 55.344 |
| Останати приходи | 3.2 | 14.003 | 10.213 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **67.777** | **65.557** |
| Трошоци за суровини и други материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.3 | 16.030 | 15.956 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 3.176 | 3.649 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 30.954 | 26.065 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 17.103 | 14.164 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 4.860 | 5.389 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8 | 228 | 666 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **72.351** | **65.889** |
| Финансиски приходи | 3.9 | 1.700 | 1.254 |
| Финансиски расходи | 3.10 | 153 | 471 |
| **Добивка/загуба од редовно работење** | 3.11 | **(3.027)** | **451** |
| **Добивка/загуба пред однаочување** | | **(3.027)** | **451** |
| **Данок од добивка** | | **-** | **96** |
| **Нето добивка/загуба** | | **(3.027)** | **355** |

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 2.909 | 2.087 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 50.898 | 51.291 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 136 | 514 |
| Побарувања од вработените | 4.4 | 29 | 47 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.5 | 372 | 605 |
| Залихи | 4.6 | 2.244 | 2.337 |
| **Вкупно тековни средства** | | 56.588 | 56.881 |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.7 | 248.985 | 250.695 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 248.985 | 250.695 |
| **Вкупна актива** | | 305.573 | 307.576 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.8 | 12.339 | 11.604 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.9 | 1.364 | 1.251 |
| Обврски спрема вработените | 4.10 | 2.191 | 2.150 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.11 | 21.668 | 20.195 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.12 | 172.781 | 167.890 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | 210.343 | 203.090 |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.13 | 30.368 | 34.407 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | 30.368 | 34.407 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 4.14 | 2.440 | 2.440 |
| Ревалоризирани резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | 4.15 | 16 | 16 |
| Резерви | 4.16 | 66.089 | 68.279 |
| Пренесена загуба | 4.17 | 656 | 1.011 |
| Добивка од тековна година | | - | 355 |
| Загуба од тековна година | 4.18 | 3.027 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | 64.862 | 70.079 |
| **Вкупна пасива** | | 305.573 | 307.576 |

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основен капитал | Ревалоризациони резерви | Резерви | Пренесена загуба | Загуба за тековна година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба и промени на капиталот и резервите | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2020** | 2.440 | 16 | 68.279 | (656) | - | 70.079 |
| Распоред на нето добивка | | | | | | 0 |
| Загуба од тековна година | | | | | (3.027) | (3.027) |
| Намалувања: | | | | | | 0 |
| Корекција на капитал | | | (2.190) | | | (2.190) |
| **Состојба на ден 31. декември 2020** | 2.440 | 16 | 66.089 | (656) | (3.027) | 64.862 |

ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | 2020/2019 |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (3.027) |
| | |
| Амортизација | 17.103 |
| Преотстапени средства без надомест | (16.883) |
| **Готовински текови од работење** | **(2.807)** |
| | |
| Побарувања од купувачи | 393 |
| Побарувања од државни органи и институции | 378 |
| Побарувања од вработените | 18 |
| Краткорочни финансиски средства | 233 |
| Залихи | 93 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 735 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 113 |
| Обврски спрема вработените | 41 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 1.473 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.891 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **5.561** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (700) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(700)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | (4.039) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(4.039)** |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 822 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 2.087 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 2.909 |